Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 24.09.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 110941 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 110941 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје.

Корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје на ден 22.09.2020 година достави барање за отповикување на одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110941.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-595
Скопје, 24.09.2020

Изработил: Зоран Билбиловски

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

Советник за радиокомуникации и контрола
и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор**
**Сашо Димитријоски**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива

АЕК-751-301.12/Изм.02